Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по изборниот предмет *истражување на родниот крај* за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII, VIII или IX одделение за деветгодишното основно образование.

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА РОДНИОТ КРАЈ

ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

Скопје, февруари 2008

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет *истражување на родниот крај* е изборен предмет што учениците може да го изберат да го изучуваат во третиот период на деветгодишното основно образование (во VII, VIII или IX одделение). Целта на воведувањето на овој наставен предмет е ученикот да ги осознае карактеристиките на родниот крај од различни аспекти: културно историското наследство, природните богатства и реткости, белезите на стопанството, особеностите и можностите на туризмот, пределите и објектите за рекреација и одмор, автентичните културни настани, како и да развива соработка со локалната заедница и локалните медиуми. Изучувањето на овој наставен предмет придонесува за создавање на комплексна и поврзана претстава за карактеристиките на родниот крај, животот во него и неговиот одржлив развој.

Наставната програма по истражување на родниот крај претставува стручна целина која постапно го воведува ученикот низ процесот на ученичко истражување, што е поврзано со наставните програми од задолжителната настава. Со активностите за *истражување на родниот крај*, ученикот треба да се здобие со знаења и способности кои ќе може да ги применува во секојдневниот живот.

Сите делови на наставната програма по *истражување на родниот крај* се структурирани во вид на истражувачки активности. Наставната програма содржи шест основни теми за истражување, а во рамките на секоја од нив се дадени повеќе предлози за нови теми и содржини за истражувачки проекти, за чиј избор решаваат учениците и наставникот. Истражувањето треба да се врши во училиштето или на терен.

Наставниот предмет *истражување на родниот крај* се реализира со 2 часа неделно, односно со 72 часа годишно.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно динамиката за воведување на девтгодишното основно воспитание и образование наставната програма за учениците во VI одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2008/09 година е еквивалентна на наставната програма за VII, VIII или IX одделение на деветгодишното основно училиште.**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII, VIII ИЛИ IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со карактеристиките на родниот крај од различни аспекти: културно-историското наследство, природните богатства и реткости, белезите на стопанството, особеностите и можностите на туризмот, пределите и објектите за рекреација и одмор, уникатните културни настани, како и да развива способности за соработка со локалната заедница и локалните медиуми;
- да ги открива условите за живот и опстанок на луѓето во родниот крај;
- да се запознава со развојот на локалната заедница во минатото и денес;
- да се оспособува да ги увидува проблемите во локалната заедница и да се поттикнува да учествува во нивното решавање;
- да ги воочува опасностите од загрозувањето на културно-историското наследство, природните богатства и реткости во родниот крај и да учествува во нивната заштита;
- да развива интерес за вклучување во активностите на локалната заедница;
- да се поттикнува да учествува во акции во локалната средина;
- да се оспособува да користи различни извори на знаења;
- да се оспособува да учествува во истражувања поврзани со родниот крај (да се оспособи да применува методологија на истражување: да евидентира и претставува податоци, да изработува и предлага план за изведување активност/истражување и да чита и толкува податоци од табела, график, шема, како и да заклучува и презентира приказ).

**3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ**

<table>
<tr><th colspan="4">ТЕМА 1: КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО НА РОДНИОТ КРАЈ ( 20 часа)</th></tr>
<tr><th>Цели</th><th>Содржини</th><th>Поими</th><th>Активности и методи</th></tr>
<tr>
<td>Ученикот/ ученичката:<br><br>- да ги препознава и објаснува поимите: антички објект, верски објект, споменик, етнолошки особености, карактерситичен дом/куќа во мојот крај;<br>- да се оспособи да ја опишува местоположбата и особеностите на локалитетите во родниот крај;<br>- да ја опишува градбата и материјалот на објектот;<br>- да го разбира значењето на локалитетот и објектот за локалната заедница.</td>
<td>Особености и значење на културно-историското наследство на родниот крај<br><br>Предлог-проекти:<br><br>1. Истражување на антички објект во родниот крај<br>2. Истражување на верски објект во блиската околина<br>3. Истражување на споменик во блиската околина<br>4. Истражување на етнолошките особености во родниот крај (носии, обичаи)<br>5. Истражување на градба и организација на живеење во дом/куќа во родниот крај<br><br>6. Друг проект по избор на учениците</td>
<td>Антички објект<br><br>Верски објект<br><br>Споменик<br><br>Етнолошки особености<br><br>Типичен дом/куќа</td>
<td>Истражување на културно-историски објект од минатото во родниот крај: археолошка ископина, антички објект, верски објект, споменик, етнолошки особености, типичен дом/куќа.<br>Активности:<br>- истакнување на името на проектот и формулирање на целите на истражувањето;<br>- изработување план на истражувањето (цели, задолженија, рокови);<br>- одредување на место на истражувањето (избор на локации), начини на евидентирање на податоците со знаци со кои ќе бидат одбележани објектите како и нивната состојба, на веќе изготвена мапа и/или во табела.<br>- теренска работа - евидентирање на локалитетот и објектите во блиската околина;<br>- разговор со луѓето: жители и експерти. за истражуваниот објект/локалитет;<br>- скицирање (цртање) на локалитетот и објектот или фотографирање;<br>- бележење на податоците во табела, нивно средување и анализа на резултатите;<br>- изработка на графикон според податоците;<br>- изработка на приказ од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот и дискусија.</td>
</tr>
</table>

| ТЕМА 2 : ПРИРОДНИТЕ ОСОБЕНОСТИ НА РОДНИОТ КРАЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>- да се запознава со природните особености на родниот крај;<br>- да ги препознава и објаснува поимите: природни богатства и реткости, езеро, извор, геотермален извор, река, водопад, блато, ретки растенија (вид, или шума, пасиште, ливада), ретки животни (вид), рудно богатство;<br>- да се поттикнува да развива интерес за природните особености на родниот крај. | Природни реткости, локалитети и особености во родниот крај<br><br>Предлог-проекти:<br><br>1. Истражување на природна реткост/локалитет во родниот крај<br><br>2. Истражување на ретки растенија во родниот крај<br><br>3. Истражување на ретки животни во родниот крај<br><br>4. Друг проект по избор на учениците | Природни богатства<br><br>Приодни реткости<br><br>Извори-геотермални извори<br>Водопад<br>Езеро<br>Извор-река<br>Водопад<br>Блато<br><br>Ретки растенија<br><br>Ретки животни | Истражување на природно богатство или реткост, езеро, извор, геотермален извор, река, водопад, блато, ретки растенија (еден вид, или шума, пасиште, ливада), ретки животни (еден вид), рудно богатство- рудник.<br>Активности:<br>- изработување план на истражувањето (цели, задолженија, постапки за работа, рокови);<br>- посета на еден локалитет каде што е истражуваниот објект;<br>- разговор со жителите во тоа место и со експерт;<br>- бележење на добиените податоци на мапа на локалитетот, внесување на податоците во табела;<br>- средување и анализа на податоците и изработка на графикон;<br>- изработка на приказ од истражувањето и вршење подготовки за презентација;<br>- презентација на приказот и дискусија. |

| ТЕМА 3: ТУРИЗМОТ, ОДМОРОТ И РЕКРЕАЦИЈАТА ВО РОДНИОТ КРАЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>- да се запознава со капацитетите за туризам, одмор и рекреација во родниот крај;<br>- да ги препознава и именува: најблиските туристички објекти, локалитетите за одмор и рекреација;<br>- да ги препознава и наведува можните локалитети за селски туризам;<br>- да го разбира значењето на туризмот за развојот на локалната заедница во родниот крај. | Туристички објекти во родниот крај<br><br>Локалитети за одмор и рекреација<br><br>Можности за развој на селскиот туризам<br><br>Предлог-проекти:<br><br>1. Истражување на туристичките објекти во родниот крај<br><br>2. Истражување на локалитети за одмор и рекреација<br><br>3. Истражување на можностите за селски туризам<br><br>4. Друг проект по избор на учениците | Туристички објекти<br><br>Локалитет за одмор и рекреација<br><br>Селски туризам | Истражување на најблизок туристички објект/ локалитет (терен) за одмор и рекреација/ село со привлечни особености за селски туризам.<br>Активности:<br>- изработување на план за истражувањето (цели, задолженија, постапки за работа, рокови);<br>- посета на еден локалитет каде што е истражуваниот објект;<br>- разговор со жителите во тоа место и со експерт;<br>- бележење на добиените податоци на мапа на локалитетот, внесување на податоците во табела;<br>- средување, анализа на податоците, заклучување и изработка на графикони;<br>- изработка на приказ од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот. |

| ТЕМА 4: СТОПАНСТВОТО ВО РОДНИОТ КРАЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се запознае со стопанските гранки и објекти во родниот крај;<br>- да ги препознава и објаснува поимите: фабрика/погон за производство, трговско претпријатие/продавница, земјоделско стопанство (лозја, ниви, овоштарник, посеви со зеленчук), фарма (за крупен добиток, за овци, кози, кокошки, ноеви;<br>- да ја објаснува економската состојба/корист од работењето на објектот за локалната заедница. | Стопански објекти во родниот крај<br><br>Предлог-проекти:<br><br>1. Индустриски објекти во родниот крај<br>2. Земјоделско стопанство<br>3. Фарма во родниот крај<br><br>4. Друг проект по избор на учениците | Фабрика<br>Производен погон<br><br>Земјоделско стопанство<br><br>Фарма | Истражување на фабрика/погон за производство или трговско претпријатие/продавница или земјоделско стопанство (лозја, ниви, овоштарник, посеви со зеленчук) или фарма (за крупен добиток, за овци, кози, кокошки, ноеви и др.).<br>Активности:<br>- изработување на план за истражувањето (цели, задолженија, постапки за работа, рокови);<br>- посета на избраниот објект за истражување;<br>- разговор со вработените за работењето на објектот;<br>- бележење на добиените информации и внесување на податоците во табела;<br>- средување на податоците и изработка на графикони;<br>- анализа на податоците, заклучување;<br>- изработка на приказ од истражувањето и подготовка за презентација;<br>- презентација на приказот. |

| ТЕМА 5: КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО РОДНИОТ КРАЈ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br>- да се запознае со карактеристиките и културните обележја на родниот крај;<br>- да го согледува значењето на културните настани во локалната заедница (изложба, музејска поставка, претстава во театар, филм, фестивал, промоција на книга, песна, музички настан и др.);<br>- да ги запознае постапките при организирањето на еден културен настан;<br>- да го разбира и проценува развојот на локалната заедница преку особеностите на културните настани во неа;<br>- да се поттикнува на соодветно однесување пред, за време и по одржување на културен настан;<br>- да се оспособува да дава свое мислење за настанот пред и по посетата. | Културни настани во родниот крај<br><br>Предлог-проекти:<br><br>1. Како да се поттикне културниот живот во мојот роден крај<br><br>2. Културните обележја на различните етнички заедници во мојот роден крај<br><br>3. Друг проект по избор на учениците | Културен настан<br><br>Изложба<br><br>Музејска поставка<br><br>Театар<br><br>Промоција на книга<br><br>Музички настан | Посета и истражување на културните настани во родниот крај во текот на еден период (изложба, музејска поставка, претстава во театар (драма, опера, балет), филм, фестивал, рецитал, промоција на книга или песна, музички настан и др.).<br>Активности:<br>- избор, истакнување на целите и називот на културниот настан кој ќе се посетува;<br>- изработка на план на посетата (цели, групи, задолженија, постапки за работа, рокови);<br>- подготовки за посетата (разговори за соодветниот начин на однесување на секој ученик пред, во тек и по настанот);<br>- разговори со одговорните и учесниците во настанот;<br>- следење на настанот и бележење на впечатоците и искуствата;<br>- дискусија за настанот (за организацијата, за значењето за локалната заедница и за секој ученик, за искуствата кои може да се применуваат, за личните чувства и впечатоци од настанот). |

| ТЕМА 6: СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се запознае со начинот на организирање на општината во која припаѓа училиштето;<br>- да се запознае со симболите на општината (грб, знаме и сл.);<br>- да се запознае со одделни локални институции, здруженија, значајни личности, медиуми;<br>- да се запознае со начините и процедурите за соработка со локалната власт, здруженија, организациии, медиуми.<br>- да се поттикнува на соработка со со локалната власт, здруженија, организациии, медиуми; | Организација на општината<br><br>Симболи на општината<br><br>Институции, организации и здруженија во општината<br><br>Предлог-проекти:<br><br>1. Соработка со општината при заедничките акции<br><br>2. Соработка со локалните медиуми<br><br>3. Соработка со здруженија на граѓаните | Локална самоуправа<br><br>Локална заедница<br><br>Локални медиуми<br><br>Здружение на граѓаните | Соработка со локалната заедница (локална самоуправа, локална заедница (друго училиште, полициска станица, амбуланта; поединечни стручни лица, локални медиуми: весник, радио ТВ станица, здружение на граѓаните).<br>Активности:<br>- подготовки: изработка на план за соработката, преку дефинирање на потребите, целите и називот на соработката и претпоставените ефекти;<br>- избор на институција и/или стручното лице од локалната задница;<br>- форми на соработка: разговори, договори, заеднички активности /акции;<br>- избор на место, време, рокови за соработката, задолженија на учениците;<br>- технички подготовки (список на учесници во соработката);<br>- реализација на планираната соработка (манифестација). |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Во наставната програма се налага наставата да се планира по наставни теми и истражувања/проекти. Наставниот кадар и учениците треба заеднички да вршат избор на истражувањата/проектите кои ќе ги реализираат (од 4 до 6 проекти во текот на учебната година), според условите за работа, според динамиката на остварувањето, како и според потребите и афинитетите на учениците. Наставникот треба самостојно да го планира часовниот фонд за целосно и успешно реализирање на поставените цели од програмата. По завршувањето на секое од истражувањата, учениците треба да дискутираат за постапките при истражувањето и да искажуваат свои идеи за нови истражувања.

Се препорачува користење на следниве наставни средства:

- прирачна литература за наставниот кадар;
- други извори на учење во непосредната околина – објекти и појави во природата;
- енциклопедии, атласи и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија;
- аудио-визуелни средства и други средства.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и се вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите, учеството во сите фази на истражувањата, иницијативноста, и сл. (формативно оценување). Исто така, редовно се врши информирање на секој ученик, како и на родителите за напредувањето на ученикот. Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

Учениците се оценуваат со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по *истражување на родниот крај* може ја изведува лице кое завршило високо образование:
- на двопредметни студии за наставен кадар по историја- географија, биологија-хемија;
- на еднопредметни студии – наставна насока по историја; географија; биологија.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- ги знае културно-историските објекти во својот роден крај;
- ги знае и објаснува поимите: антички објект, верски објект, споменик, етнолошки особености, карактеристичен дом/куќа; природни богатства и реткости, ретки растенија и животни, рудно богатство; туристички објекти, локалитети за одмор и рекреација, селски туризам; фабрика/погон за производство, трговско претпријатие, земјоделско стопанство, фарма; културни настани во локалната заедница; соработка со локалната заедница;
- ги знае фазите на истражување (селекеција на тема, поставување цели, поставување план на истражување, преземање акција) на определен проект;
- го разбира значењето на локалитетот и објектот кој го истражува за развојот на локалната заедница;
- учествува во изработка на план на истражување за избраниот објект на истражување;
- изработува приказ на резултатите од истражувањето преку изработување и интерепретирање на мапа, табела и графикон;
- умее да подготвува и да врши презентација;
- покажува осетливост кон проблемите и потребите на другите луѓе со кои комуницира;
- ја знае организацијата и карактеристиките на локалната управа;
- ги знае културните особености и настани во локалната заедница;

- умее да ги изложува своите впечатоци и искуства од настанот/активностите (усно и писмено);
- знае институции и здруженија од локалната заедница и процедурите на соработка со нив.

## 9. КОМИСИЈА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

1. Светлана Брашнарска, советник во БРО - Скопје, координатор
2. Гордана Донева - Атанасоска, советник во БРО – Скопје
3. Д-р Сашо Панов, ПМФ – Институт за биологија - Скопје
4. Сашо Срафимовски, ОУ "Јан Амос Коменски" - Скопје
5. м-р Владо Велковски, ОУ „Св.Климент Охридски" – Скопје

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *истражување на родниот крај* за шесто одделение на основното осумгодишно образование, односно за седмо, осмо или деветто одделение на основното деветгодишно образование ја донесе

Министер

________________

**Сулејман Рушити**

на ден __________________